# ДАНОЧНО
# УПАТСТВО
# за инвестирање, тргување и прибирање на средства преку

funderbeam

# платформата

**Јуни, 2019 година**

Упатството е подготвено од друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје согласно склучен договор со Македонска Берза АД Скопје и истото нема правна сила на толкување на закон и не може да преставува основа за користење или употреба пред други надлежни органи и институции. Надлежен орган за давање на мислење по основ на даноци е Управата за јвани приходи, додека надлежен орган за толкување на законите е Собранието на Република Северна Македонија

## СОДРЖИНА

| | | стр |
|---|---|---|
| 1. | **Вовед** | 3 |
| 2. | **УПАТСТВО ЗА ДАНОЧНИ ИМПЛИКАЦИИ ЗА ИНВЕСТИТОРИ – ПРАВНИ ЛИЦА** | 4 |
| 2.1. | **Структура преку заеми** | 4 |
| 3. | **УПАТСТВО ЗА ДАНОЧНИ ИМПЛИКАЦИИ ЗА ИНВЕСТИТОРИ – ФИЗИЧКИ ЛИЦА** | 6 |
| 3.1. | **Структура преку заеми** | 6 |
| 3.2. | **Постапка за пријавување на остварени приходи на инвеститори – физички лица** | 8 |
| 4. | **УПАТСТВО ЗА ДАНОЧНИ ИМПЛИКАЦИИ ЗА ДОМАШНИ КОМПАНИИ (ДОО) – ПРИБИРАЧИ НА КАПИТАЛ** | 10 |

# 1 Вовед

Funderbeam Market Limited е групација лиценцирана за давање на инвестициски услуги од соодветниот регулаторот во Велика Британија („Funderbeam групацијата“ или „Funderbeam“). Funderbeam групацијата основа и одржува платформата за финансирање и инвестирање преку која се спојуваат друштва кои сакаат да приберат финансиски средства и инвеститорите кои бараат можности за вложување во компаниите во ран развој („Funderbeam платформата“).

Македонска берза АД Скопје, во соработка со Funderbeam групацијата и нејзината подружница Funderbeam CEE, ја промовира Funderbeam платформата во Република Северна Македонија (РСМ), со цел на истата да учествуваат македонски инвеститори и друштва. Во регионот Funderbeam платформата се користи во Република Словенија и Република Хрватска.

# 2 УПАТСТВО ЗА ДАНОЧНИ ИМПЛИКАЦИИ ЗА ИНВЕСТИТОРИ – ПРАВНИ ЛИЦА

## 2.1 Структура преку заеми

*Општо за структурата*

Преку вложувањето инвеститорите всушност му даваат позајмица на специјалното друштво формирано да инвестира во домашната компанија која прибира капитал (Special Purpose Vehicle, односно Кредитен SPV). Кредитниот SPV ќе ги инвестира средствата собрани од инвеститорите во удели или во конвертибилни заеми издадени од домашната компанија. За секоја инвестициска кампања преку која некоја домашна компанија собира капитал се формира посебен Кредитен SPV кое е нерезидент во Република Северна Македонија.

Субјекти вклучени во структурата
- Инвеститори (правни или физички лица)
- Специјално друштво – Кредитен СПВ - нерезидент
- Домашна компанија/друштво кое прибира капитал

Инвеститорите даваат позајмица (заем) на специјалното друштво – Кредитен СПВ преку склучување на соодветен договор за заем.

| Тип на вложување/ приход | Данок од добивка | Задржан данок од добивка | Данок на личен доход | ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| **Даден заем/вложување** | Дадените заеми од страна на инвеститорот – правно лице се предмет на оданочување со данок од добивка од 10% со оглед дека се третираат како непризнаени расходи согласно член 11 став 1 и 2, доколку дадениот заем не се поврати во тековната година кога е даден заемот. | Не се оданочува | Не се оданочува | Не се оданочува |
| **Приход од даден заем/камата** | Приходот остварен по основ на дадениот заем за инвеститорот – правно лице е предмет на оданочување со данок од добивка од 10% преку вкупно остварената добивка од работењето на инвеститорот – правно лице во рамките на пресметката на вкупниот данок од добивка во ДБ. | Не се оданочува во РСМ, туку согласно спогодбите за двојно оданочување данокот го задржува исплатувачот на приходот (странскиот СПВ) | Не се оданочува | Не се оданочува |
| **Приход од капитална добивка (секундарно тргување на платформата Funderbeam или продажба на уделот)** | Предмет е на оданочување со данок од добивка од 10% преку вкупно остварената добивка од работењето на инвеститорот – правно лице во рамките на пресметката на вкупниот данок од добивка во ДБ. | Не се оданочува | Не се оданочува | Не се оданочува |

# 3 УПАТСТВО ЗА ДАНОЧНИ ИМПЛИКАЦИИ ЗА ИНВЕСТИТОРИ – ФИЗИЧКИ ЛИЦА

## 3.1 Структура преку заеми

*Општо за структурата*

Преку вложувањето инвеститорите всушност му даваат позајмица на специјалното друштво формирано да инвестира во домашната компанија која прибира капитал (Special Purpose Vehicle, односно Кредитен SPV). Кредитниот SPV ќе ги инвестира средствата собрани од инвеститорите во удели или во конвертибилни заеми издадени од домашната компанија. За секоја инвестициска кампања преку која некоја домашна компанија собира капитал се формира посебен Кредитен SPV кое е нерезидент во Република Северна Македонија.

Субјекти вклучени во структурата

- Инвеститори (правни или физички лица)
- Специјално друштво – Кредитен СПВ - нерезидент
- Домашна компанија/друштво кое прибира капитал

Инвеститорите даваат позајмица (заем) на специјалното друштво – Кредитен СПВ преку склучување на соодветен договор за заем.

| Тип на вложување/приход | Данок од добивка | Задржан данок од добивка | Данок на личен доход | ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| **Даден заем/вложување** | Не се оданочува | Не се оданочува | Не се оданочува | Не се оданочува |
| **Приход од даден заем/камата** | Не се оданочува | Не се оданочува во РСМ, туку согласно спогодбите за двојно оданочување данокот го задржува исплатувачот на приходот (странскиот СПВ) | Предмет се на оданочување со данок на личен доход и истите се третираат како доход од капитал согласно член 55 од Законот за личен доход. Поконкретно, овие приходи се доход од камати на дадени заеми на физички или правни лица и истите се оданочуваат со 15% од износот на пресметаната камата на дадениот заем. | Не се оданочува |
| **Приход од капитална добивка (секундарно тргување на платформата Funderbeam или продажба на уделот)** | Не се оданочува | Не се оданочува | Предмет се на оданочување со данок на личен доход и истите се третираат како доход од капитални добивки согласно член 58 од Законот за личен доход. Поконкретно, овие приходи се доход од капитални добивки и истите се оданочуваат со 15% од износот на разликата помеѓу набавната и продажната вредност на заемите како друг подвижен имот.<br><br>Доколку инвеститорот – физичко лице оствари капитална загуба од продажбата истата се пребива со остварените капитални добивки и доколку по пребивањето се појави капитална загуба истата може да се пренесе за наредни три години согласно член 62 од Законот. | Не се оданочува |

## 3.2 Постапка за пријавување на остварени приходи на инвеститори – физички лица

### 3,2,1 Приход од камата од заем даден на нерезидент

Управата за јавни приходи на РСМ (УЈП) нема утврдена постапка за начинот на пријавување на овој тип на приход, но сепак на инвеститорите-физички лица им стојат на располагање две можности, и тоа:

(а) индивидуално да поднесат даночна пријава преку системот на Е-ПДД преку сопствениот регистриран е-маил и пасворд или
(б) преку корекција и исправка на годишната даночна пријава за соодветната година најкасно до 31,05, во тековната година

### 3,2,2 Приход од дивиденда од удел во Номиниран СПВ - нерезидент

УЈП нема утврдена постапка за начинот на пријавување на овој тип на приход, но сепак на инвеститорите-физички лица им стојат на располагање две можности, и тоа:

(а) индивидуално да поднесат даночна пријава преку системот на Е-ПДД преку сопствениот регистриран е-маил и пасворд или
(б) преку корекција и исправка на годишната даночна пријава за соодветната година најкасно до 31,05, во тековната година

### 3,2,3 Приход од капитална добивка од продажба на заем

- Инвеститорот – физичко лице мора да биде регистриран во системот на Е-ПДД со сопствен е-маил и пасворд;
- Регистрирањето се врши лично во простории на УЈП, по претходно отворен сопствен е-маил;
- Пријавувањето на приходот се врши на страната на УЈП во делот за Е-ПДД во подсегмент Капитални добивки;
- Во капитални добивки се внесуваат сите податоци за трансакцијата и се избира Капитална добивка од **продажба на друг подвижен имот**;
- По комплетирање на пријавата, УЈП ја обработува и се добива решение за плаќање на ПДД;

### 3,2,4 Приход од капитална добивка од продажба на удел

- Инвеститорот – физичко лице мора да биде регистриран во системот на Е-ПДД со сопствен е-маил и пасворд;
- Регистрирањето се врши лично во простории на УЈП, по претходно отворен сопствен е-маил;

- Пријавувањето на приходот се врши на страната на УЈП во делот за Е-ПДД во подсегмент Капитални добивки;
- Во капитални добивки се внесуваат сите податоци за трансакцијата и се избира Капитална добивка од продажба на удел во капитал;
- По комплетирање на пријавата, УЈП ја обработува и се добива решение за плаќање на ПДД;

# 4 УПАТСТВО ЗА ДАНОЧНИ ИМПЛИКАЦИИ ЗА ДОМАШНИ КОМПАНИИ (ДОО) – ПРИБИРАЧИ НА КАПИТАЛ

## 4,1 Општо за структурата

Преку вложувањето инвеститорите всушност му даваат позајмица на специјалното друштво формирано да инвестира во домашната компанија (ДООО која прибира капитал (Special Purpose Vehicle, односно Кредитен SPV). Кредитниот SPV ќе ги инвестира средствата собрани од инвеститорите во удели или во конвертибилни заеми издадени од домашната компанија. За секоја инвестициска кампања преку која некоја домашна компанија собира капитал се формира посебен Кредитен SPV кое е нерезидент на Република Серверна Македонија.

Субјекти вклучени во структурата
- Инвеститори (правни или физички лица)
- Специјално друштво – Кредитен СПВ - нерезидент
- Домашна компанија/друштво кое прибира капитал

Инвеститорите даваат позајмица (заем) на специјалното друштво – Кредитен СПВ преку склучување на соодветен договор за заем.

Кредитниот SPV ќе ги инвестира средствата собрани од инвеститорите во удели издадени од домашната компанија (ДОО).

Овој тип на трансакции значи дека уделите на Кредитниот СПВ ќе се регистираат во трговскиот регистар при Централниот регистар на РСМ, како и во регистарот на странски инвестиции при Централниот регистар на РСМ.

Постои варијанта Кредитниот SPV да ги инвестира средствата собрани од инвеститорите во конвертабилен заем склучен со домашната компанија.

## 4,2 Даночни импликации за домашната компанија (ДОО)

| Тип на вложување/приход | Данок од добивка | Задржан данок од добивка | Данок на личен доход | ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| **Издаден удел од домашната компанија** | Не се оданочува | Не се оданочува | Не се оданочува | Не се оданочува |
| **Исплата на дивиденда** | Не се оданочува | Исплатената дивиденда на Кредитниот СПВ – нерезидент се третира како приход на странски правни лица согласно член 21 од Законот за данок од добивка и истиот е предмет на оданочување со данок од добивка од 10% од приходот.*) | Не се оданочува | Не се оданочува |

***КОНЕЧНО***

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Исплата на камата на конвертибилен заем** | Не се оданочува | Во овој случај домашната компанија исплаќа камата на Кредитниот–нерезидент и при тоа исплатената камата на Кредитниот СПВ – нерезидент се третира како приход на странски правни лица согласно член 21 од Законот за данок од добивка и истиот е предмет на оданочување со данок од добивка од 10% од приходот.*) | Не се оданочува | Не се оданочува |

*) Сепак, оданочувањето зависи од следното:

- на која земја е резидент странското правно лице – Кредитниот СПВ
- и дали РСМ има склучено Меѓународен договор за ослободување од двојно оданочување

**Приход од дивиденда:**

Пример: доколку Кредитниот СПВ е резидент на Естонија согласно Меѓународниот договор за ослободување од двојно оданочување (Сл. Весник на РМ бр.55/09), во примена од 01,01,2010 година, исплатената дивиденда се оданочува во РСМ со задржан данок од добивка во висина од 5% од приходот ако стварниот корисник има непосредно учество од помалку од 25% од капиталот на исплатувачот.

Доколку стварниот корисник има непосредно учество од мин. 25% од капиталот на исплатувачот, тогаш исплатена дивиденда не се оданочува во РСМ со задржан данок од добивка.

**Приход од камата:**

Пример: доколку Кредитниот СПВ е резидент на Естонија согласно Меѓународниот договор за ослободување од двојно оданочување (Сл. Весник на РМ бр.55/09), во примена од 01,01,2010 година, исплатената камата се оданочува во РСМ со задржан данок од добивка во висина од 5% од приходот.